

**Христо Чемков**

Христо Чемков (1875 – 24. V 1898) е македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење и член на Македонската револуционерна организација (МРО). Во 1895/1896 година раководел со битолскиот револуционерен комитет, а по Виничката афера заминал во Бугарија, каде имал неуспешна мисија да ја уништи базата на Бугарското тајно револуционерно братство. Познат е под псевдонимот Доктор. Во куќа во Прилеп се самоубиле со Јордан Гавазов откако не можеле да го пробијат обрачот на турскиот аскер.

Христо Чемков е роден во 1875 година во Штип.  Завршил педагошко училиште во Ќустендил, каде што во 1893 година учествува во формирањето на Македонското младешко друштво. Како педагог учителствувал во Дедеагач, а потоа бил назначен за учител во централното училиште во Битола.

Во 1894 година Христо Чемков како и голем дел од тогашните учители станал член на Македонската револуционерна организација, а веќе во 1895/1896 година раководел со битолскиот револуционерен комитет.

По откривањето на Виничката афера во 1897 година, која предизвикала голема штета на револуционерната мрежа во Скопскиот револуционерен округ на МРО, Чемков кој тогаш учителствувал во Прилеп, заминал за Бугарија.

Престојувал во Софија, од каде заминал во мисија во Чепеларе со задача да ја уништи базата на Бугарското тајно револуционерно братство, кои биле идејни противници и предизвикувале големи штети на МРО. Чемков имал за задача не само да ја уништи нивната база туку и да ги привлече нивните раволуционерни комитети кон МРО. Меѓутоа мисијата била неуспешна.

Свесен дека е надгледуван, Чемков решил да се врати во Македонија, за да не му гнијат коските во туѓа земја ако загине, Во Софија се сретнал со Јордан Гавазов од Прилеп, кој избегал од Македонија поради прогон од страна на турските власти. Тие со уште двајца Македонци Хараламби Ѓуров и Стојан Димитров – Акчијата формирале група со цел да се вратат во Македонија и да формираат организациона чета во Прилепско.

Во текот на мај 1899 година Христо Чемков и Јордан Гавазов, по илегален пат се вратиле во Прилепско, додека Ѓуров и Димитров влегле легално во земјата.

Меѓутоа, по доаѓањето во Прилепско комитите не се состанале. Двајцата четници мистериозно настрадале, а Гавазов и Чемков при престој во куќата на Белазелковци во Прилеп, чекајќи да бидат поврзани со Прилепската околиска чета, биле предадени и опколени од турскиот аскер и полиција.

При нападот на турската војска на 24 мај 1898 година, кој траел повеќе часови, Чемков и Гавазов се бореле до последниот куршум. Откако го убиле османлискиот полициски началник Емин ефенди што ја предводел потерата и неколку војници, останувајќи без муниција, тие се самоубиле. Тоа бил пример кој потоа го следеле многу македонски револуционери.